Гласот на потрошувачите
во Европа

До:

**Матијас Милер**
Извршен Директор
Фолксваген А.Д.
Берлинер Ринг 2
38440 Волфсбург
Германија

Ref.: BEUC-L-2015-333/MGO/sc 02 октомври 2015

Почитуван г. Милер,

Ви пишуваме од името на BEUC, Европската организација на потрошувачи, која претставува 41 национална организација на потрошувачи од 31 европска држава. Свесни сме дека вие и вашите колеги можеби ќе бидете контактирани и од нашите организации - членки на национално ниво.

BEUC и нејзините членки се длабоко загрижени за можните последици (вклучувајќи ги и финансиските импликации) за потрошувачите поради алармантната и разочарувачката употреба на 'уреди за софтверско лажирање' инсталирани во одредени модели од Фолксваген групацијата (вклучувајќи ги брендовите Фолксваген, Сеат, Ауди и Шкода) со цел да се намали емисијата на издувни гасови за време на официјалните тестови за емисија на гасови.

Го повикуваме Фолксваген да го направи следното:

- Веднаш да престане со дистрибуција и продажба на сите возила кои се опремени со 'уред за софтверско лажирање' насекаде низ Европа;
- Да објави кај кои возила во Европа се инсталирани 'уредите за софтверско лажирање';
- Да се погрижи отповикувањето на возилата во Европа да им биде пренесено на еднаков и транспарентен начин на сопствениците, со обезбедени целосни и детални информации за природата, содржината и целта на техничките анализи и модификации кои треба да бидат направени и на нивното влијание и ефект врз техничките перформанси, безбедноста и поставените стандарди (имено, стандардите за емисија на гасови) на засегнатите возила;
- Во врска со овие технички интервенции, да се погрижи сопствениците на возилата кои се повлечени да не се само поштедени од било какви трошоци поврзани со измените и поправките кои се потребни за да се задоволат стандардите поставени во маркетинг материјалите, договорот или специфичниот подзаконски акт, туку и да добијат соодветна компензација во случај ако потребните технички интервенции предизвикаат негативно влијание врз перформансите на возилата (пр. потрошувачката на гориво); паралелно, да обезбеди друг автомобил за сопствениците додека се прават измените и поправките на нивниот автомобил;

- Во секој случај да понуди финансиска компензација за сите штети предизвикани или поврзани со 'уредите за софтверско лажирање' инсталирани во возила купени од потрошувачите – вклучувајќи го и намалувањето на вредноста на возилата;
- Да се погрижи сите измени или поправки извршени на автомобилите да резултираат со задоволување на ограничувањата на ЕУ за емисија на гасови засновано на вистински перформанси, или, каде што се пониски, според рекламираните нивоа на емисија за соодветното возило;
- Да го исполни секое друго потрошувачко побарување засновано на потрошувачкото право, вклучувајќи ги и одредбите за откажување и враќање на целиот паричен износ или пропорционално намалување на куповната цена и штетата за било каква загуба.

Точките содржани во овој повик се прелиминарни и не ги исклучуваат идните барања кои можат да бидат упатени кон Фолксваген од нас или од нашите членови.

Во случај на иницирање на правна акција во врска со овие факти, и индивидуална и колективна (на иницијатива на организациите на потрошувачите), се надеваме дека ќе имате отворен и конструктивен став со цел да се изнајдат задоволителни и фер решенија.

Веруваме дека овој сериозен настан е шанса за да се забрза воведувањето на нови параметри за мерните системи за потрошувачка на гориво и емисии ($CO_2$) за возилата во Европа, за кои знаеме дека се неверодостојни, како што се покажа на лабораториските тестови кои неодамна беа спроведени од членови на BEUC (вклучително и на возила на Фолксваген). Исто така веруваме дека Фолксваген ќе се согласи и ќе се ангажира во оваа насока.

Целиот настан во врска со користењето на 'уреди за софтверско лажирање' предизвика големо предупредување, гнев и забуна кај потрошувачите, од кои многумина купиле Фолксваген дизел возила врз основа на тврдењата за загадувањето на животната средина содржани во промотивните материјали. Веруваме дека брзиот одговор на нашата загриженост е клучен за да се обезбеди простор за враќање на довербата кај потрошувачите во Европа. Искрено се надеваме дека Фолксваген сериозно ќе ја сфати нашата загриженост и ќе се ангажира и ќе преземе соодветни активности за решавање на проблемот. Очекуваме да добиеме одговор од вас најдоцна до 8ми октомври.

Имајте предвид дека оваа иницијатива е глобално координирана со нашата сестринска организација, Consumers International, глобалниот глас на потрошувачите.

Со почит,

Ерјан Бринкман — Претседател

Моник Гојен — Генерален Директор

## Членови на BEUC, потписници на дописот

**Örjan Brinkman**
The Swedish Consumers' Association

**Gerjan Huis in 't Veld**
Consumentenbond

**David Ortega**
Organización de Consumidores y Usuarios - OCU

**Ivo Mechels**
Test-Achats/Test-Aankoop

**Vagn Jelsøe**
Forbrugerrådet Tænk

**Alain Bazot**
UFC - Que Choisir

**Klaus Müller**
Verbraucherzentrale Bundesverband - vzbv

**Luisa Crisigiovanni**
Altroconsumo

**Breda Kutin**
Slovene Consumers' Association - ZPS

**Pete Moorey**
Which?

**Rainer Spenger**
Verein für Konsumenteninformation

**Gabriele Zgubic**
Arbeiterkammer

**Bogomil Nikolov**
Bulgarian National Association Active Consumers

**Fryni Michael**
Cyprus Consumers' Association

**Martin Černý**
dTest - Czech Consumers' Association

**Linda Läänesaar**
Estonian Consumers Union - ETL

**Juha Beurling**
Kuluttajaliitto - Konsumentförbundet ry

**Anja Peltonen**
Kilpailu- ja kuluttajavirasto - KKV

**Reine-Claude Mader**
Consommation, Logement et Cadre de Vie - CLCV

**Holger Brackemann**
Stiftung Warentest

**Eleni Alevritou**
Association for the Quality of Life - E.K.PI.ZO

**Evangelia Kekeleki**
Consumers' Protection Center - KEPKA

**György Baranovszky**
National Federation of Associations for Consumer Protection in Hungary - FEOSZ

**Jóhannes Gunnarson**
Neytendasamtökin

**Dermott Jewell**
Consumers' Association of Ireland - CAI

**Giovanni Ferrari**
Consumatori Italiani per l'Europa - CIE

**Tekla Zabova**
Latvian National Association for Consumer Protection - PIAA

**Egle KYBARTIENE**
Alliance of Lithuanian Consumer Organisations

**Guy Goedert**
Union Luxembourgeoise des Consommateurs - ULC

**Marijana Loncar Velkova**
Consumers' Organisation of Macedonia - OPM

**Evelyn Chetcuti**
Ghaqda tal-Konsumaturi - CA Malta

**Audun Skeidsvoll**
Forbrukerrådet

**Kamil Pluskwa**
Federacja Konsumentów

**Grazyna Rokicka**
Stowarzyszenie Konsumentów Polskich - SKP

**Jorge Morgado**
Associação Portuguesa para a Defesa do Consumidor - DECO

**Emil Bojin**
Association for Consumers' Protection - APC Romania

**Miro Tulak**
Association of Slovak Consumers - ZSS

**Conchy Martin Rey**
Confederación de Consumidores y Usuarios - CECU

**Mathieu Fleury**
Fédération Romande des Consommateurs